

ИЗДАНИЕ БР.21, МЕСЕЦ МАЈ 2020

# КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



## ЛОКАЛЕН ПАТ ДО С.РАДЊА

СРЕДУВАЊЕ НА ЛОКАЛЕН ПАТ ДО С.РАДЊА. ЦЕЛАТА МЕХАНИЗАЦИЈА И СИТЕ АКТИВНОСТИ СЕ ДОНАЦИЈА ОД ФИРМАТА ЈА–МИ. СЕ РАБОТИ НА ПРОШИРУВАЊЕ, ИЗРАМНУВАЊЕ И ТАМПОНИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ ПАТ ДО С.РАДЊА.

## ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДУВАЊЕ

ХОРТИКУЛТУРНО СЕ УРЕДУВА И ГРАДСКИОТ ФУДБАЛСКИ СТАДИОН ПОКРАЈ ГРАДЕЖНИТЕ АКТИВНОСТИ. СЕ ОЧЕКУВА ДА СЕ ЗАПОЧНЕ СО ФАРБАЊЕ НА ОГРАДАТА И ТРИБИНИТЕ.









## САНИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА

КОНТИНУИРАНО СЕ ВРШИ САНИРАЊЕ НА ПОЛСКИ И ЛОКАЛНИ ПАТИШТА. СЕ САНИРААТ ПАТИШТА ВО НАСЕЛБА ГОЛЕШ НА ТИКВЕШКОТО ЕЗЕРО.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

## 15 ТАБЛЕТИ ЗА ОСНОВЦИТЕ

ЕКОЛОГ ИНТЕРНЕШНЛ ДОНИРАШЕ 15 ТАБЛЕТИ НА ДЕЧИЊА ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ КОИ НЕ СЕ ВО МОЖНОСТ ДА ЈА СЛЕДАТ ЕЛЕКТРОНСКИ НАСТАВНАТА ПРОГРАМА. ДОНАЦИЈАТА Е НАМЕНЕТА ЗА УЧЕНИЦИ КОИ ОСТАНАА НАДВОР ОД ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ ПОРАДИ НЕДОСТАТОК НА ДИГИТАЛНИ УРЕДИ.






## ХОРИЗОНТАЛНА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА

ДЕЖУРНИТЕ ЕКИПИ, ВО ТЕКОТ НА НОЌТА, ВРШАТ ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ХОРИЗОНТАЛНА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА НА УЛ.СЛОГА.





## САНИРАЊЕ НА ПОЛСКИ ПАТИШТА ВО С.ВОЗАРЦИ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

## ГРАДЕЖНИ РАБОТИ НА ПЕШАЧКА ПАТЕКА ВО С.ВАТАША





## РЕАЛИЗИРАНА ПРЕВЕНТИВНА АКЦИЈА ВО ВРСКА СО ВИРУСОТ КОВИД 19.

НА ВЛЕЗОВИТЕ НА ГРАДСКИОТ ЗЕЛЕН ПАЗАР ВО КАВАДАРЦИ ОД СТРАНА НА ПОЛИЦИСКИ СЛУЖБЕНИЦИ, ЗАЕДНО СО ВОЛОНТЕРИ НА ЦРВЕНИОТ КРСТ, ПРЕСТАВНИЦИ ОД ЈП ПАРКИНГ И „МОЈ ОПШТИНАР„ БЕШЕ РЕАЛИЗИРАНА ПРЕВЕНТИВНА АКЦИЈА СО ДЕЛЕЊЕ НА ЕДУКАТИВНИ ФЛАЕРИ ВО КОИ СЕ СОДРЖАНИ ПРЕПОРАКИТЕ ЗА НОСЕЊЕ ЗАШТИТНА ОПРЕМА, ДРЖЕЊЕ СОЦИЈАЛНА ДИСТАНЦА И ДРУГИ ПРЕПОРАКИ ЗА ЗАШТИТА И ПРЕВЕНЦИЈА ОД КОРОНА ВИРУСОТ. ОНИЕ ГРАЃАНИ И ПРОДАВАЧИ НА ТЕЗГИТЕ КОИ ВО ПАЗАРОТ ВЛЕГУВАА БЕЗ ЗАШТИТНА ОПРЕМА БЕА ПРЕДУПРЕДУВАНИ И ИМ БЕА НА ЛИЦЕ МЕСТО ПОДЕЛЕНИ ЗАШТИТНИ МАСКИ.БРОЈОТ НА ЛИЦАТА КОИ НЕМАА ЗАШТИТНА ОПРЕМА БЕШЕ МНОГУ МАЛ. ПОМЕЃУ ОНИЕ ЛИЦА КОИ ПОМИНАА НИЗ ГРАДСКИОТ ПАЗАР И КОИ ГИ ПОЧИТУВАА ПРЕПОРАКИТЕ ЗА НОСЕЊЕ ЗАШТИТНА ОПРЕМА БЕШЕ И ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Г-ДИН МИТКО ЈАНЧЕВ.









## ПУШТЕНИ СЕ ВО УПОТРЕБА НОВИТЕ ПОДЗЕМНИ КОНТЕЈНЕРИ НА УЛ.ИЛИНДЕНСКА.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

## ДОПОЛНИТЕЛЕН ПАРКИНГ ПРОСТОР

**ПРОДОЛЖУВА УРЕДУВАЊЕТО НА ДОПОЛНИТЕЛЕН ПАРКИНГ**







## НОВ ВЛЕЗ НА ГРАДСКАТА БИБЛИОТЕКА

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРИВРШУВА СО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА И АДАПТАЦИЈА НА ВЛЕЗОТ ВО ЗГРАДАТА НА ДОМОТ НА КУЛТУРАТА „ИВАН МАЗОВ-КЛИМЕ“, КАДЕ СЕ НАОЃААТ АДМИНИСТРАТИВНИТЕ ПРОСТОРИИ НА ГРАДСКАТА БИБЛИОТЕКА „ФЕТКИН“, ЈП „ПАРКИНГ“ И НА НЕКОЛКУ ДРУГИ СУБЈЕКТИ.

ДЕНОВИВЕ АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА ИЗВРШИ ПОПЛОЧУВАЊЕ НА НОВИОТ ПРИСТАПЕН ВЛЕЗ ОД СЕВЕРНАТА СТРАНА. СЕГА ГЛАВНИОТ ВЛЕЗ ВО БИБЛИОТЕКАТА И ОСТАНАТИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО ЗГРАДАТА ЌЕ БИДЕ ОД СЕВЕР, ОД ПОРАНЕШНАТА „КИНО БАВЧА“. НОВАТА ВЛЕЗНА ВРАТА Е ДИМЕНЗИОНИРАНА ДА ОДГОВАРА НА ПОТРЕБИТЕ НА ОБЈЕКТОТ. ПОСЛЕ ОТСТРАНУВАЊЕТО НА ПРИСТАПНИТЕ СКАЛИ, ОПШТИНАТА ОБЕЗБЕДИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ПАТЕКАТА НИЗ „ТУНЕЛЧЕТО“, ШТО ЌЕ ДОВЕДЕ ДО ПОГОЛЕМА ФРЕКФЕНЦИЈА, КАКО И ПОБЕЗБЕДЕН ВЛЕЗ НА ГРАЃАНИТЕ ВО ГРАДСКИОТ ЗЕЛЕН ПАЗАР.

ПАРАЛЕЛНО СО ДИСЛОКАЦИЈАТА НА ГЛАВНИОТ ВЛЕЗ СЕ ИЗВРШИ ЗАМЕНА И НА СТАРИТЕ ПРОЗОРЦИ НА СКАЛИШНОТО ЈАДРО, КАДЕ СЕ ПОСТАВЕНИ НОВИ ПВЦ ПРОЗОРЦИ СО ТЕРМАПАН СТАКЛО, КАКО И ЛИМЕНА НАСТРЕШНИЦА.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ





## ПРОДОЛЖУВА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА СОБЛЕКУВАЛНАТА НА ФУДБАЛСКИОТ ТЕРЕН НА СРЦ„ЈАСМИН“

**А**НГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА ДЕНОВИВЕ ИЗВРШУВА МОЛЕРСКИ РАБОТИ ВО ЕНТЕРИЕРОТ, А ЌЕ ЗАВРШИ СО ПОСТАВУВАЊЕТО НА БЕТОНСКИОТ ПОД ДО КРАЈОТ НА НЕДЕЛАВА.

СПОРЕД ПРОЕКТОТ ОПШТИНАТА РЕАЛИЗИРА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВНАТРЕШНОСТА НА ОБЈЕКТОТ СО ЗАМЕНА НА ПРОЗОРЦИТЕ ОД ЗАПАДНАТА СТРАНА, ПОТОА НА ВНАТРЕШНИТЕ ВРАТИ, КАКО И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА САНИТАРНИОТ ЈАЗОЛ И ПРОСТОРИИТЕ СО ТУШЕВИ ЗА СПОРТИСТИТЕ.

ОВОЈ Е ПРВ ПОСЕРИОЗЕН ЗАФАТ НА ОБЈЕКТОТ КОЈ БЕШЕ ИЗГРАДЕН НА ПОЧЕТОКОТ ОД ОСУМДЕСЕТТИТЕ ГОДИНИ ОД МИНАТИОТ.

МИНАТАТА ГОДИНА СО ДОНАЦИЈА НА„РОТАРАКТ“ КЛУБОТ НА МЛАДИ РОТАРИЈАНЦИ ОД КАВАДАРЦИ БЕШЕ РЕКОСНТРУИРАН ПОКРИВОТ КАКО И ПРОЗОРЦИТЕ.

СО НОВАТА РЕКОНСТРУКЦИЈА ОПШТИНАТА ДОПОЛНИТЕЛНО ЌЕ ГИ ПОДОБРИ ИНФРАСТРУКТУРНИТЕ УСЛОВИ ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ НА СЦ„ЈАСМИН“.





## ЗОНА ЗА ОДМОР И ИГРА НА УЛ.„РАЈКО ЖИНЗИФОВ“

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРЕКУ ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА РЕАЛИЗИРА ПРОЕКТ ЗА ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ЗОНА ЗА ОДМОР И ИГРА НА УЛИЦАТА„РАЈКО ЖИНЗИФОВ“.

НА ПОВРШИНА ОД 100 МЕТРИ КВАДРАТНИ СЕ ПОСТАВУВААТ БЕХАТОН КОЦКИ ОБГРАДЕНИ СО НИСКИ РАБНИЦИ.

ПОПЛОЧУВАЊЕТО СЕ ВРШИ НА ПЛАТО КАДЕ СЕ ПОСТАВЕНИ РЕКВИЗИТИ ЗА ИГРА НА ДЕЦА.

ВО СКЛОП НА ЗОНАТА Е ПОДИГНАТ И ОГРАДЕН ЅИД ОД УКРАСНИ ЦИГЛИ. СПОРЕД ПРОЕКОТ ПРЕДВИДЕНО Е ИЗГРАДБА НА ФОНТАНА ЗА ВВОДА КАКО И ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА КЛУПИ И КОРПИ ЗА ОТПАДОЦИ.

ОВАА ПОВРШИНА СПОРЕД ПЛАНОТ Е ПРЕДВИДЕНА ЗА ОДМОР НА ГРАЃАНИТЕ ОД НАСЕЛБАТА.

ПРОСТОР НА УЛ.КРСТЕ МИСИРКОВ.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

## ГРАДЕЖНИ АКТИВНОСТИ НА ПЕШАЧКА ПАТЕКА ПОКРАЈ КЕЈОТ НА РЕКАТА ЛУДА МАРА ВО С.ВАТАША.





## ЧИСТЕЊЕ НА ПАТОТ ОД С.МАРЕНА ДО С.СОПОТ.









## КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА ВО НАСЕЛБАТА ПАРК

**В**О РАМКИТЕ НА КОМУНАЛНАТА ИЗГРАДБА ОПШТИНАТА КАВАДАРЦИ РАБОТИ НА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ПОСТОЈНАТА КАНАЛИЗАЦИОНА ЛИНИЈА ВО НАСЕЛБАТА „ПАРК“. АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА ДЕНОВИВЕ ГИ ИЗВЕДУВА ГРАДЕЖНИТЕ РАБОТИ НА ПРОКОП И ПОСТАВУВАЊЕ НА ЦЕВКИ И ШАХТИ ОД НОВАТА ДЕЛНИЦА НА УЛИЦАТА „ДИСАНСКА“ КОЈА ВОДИ ДО СПОМЕН КОСТУРНИЦАТА.

ВО ОВАА ФАЗА ЌЕ СЕ ПОСТАВИ НОВА ЛИНИЈА ВО ДОЛЖИНА ОД 300 МЕТРИ. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА „ПРЕМИУМ БИЛДИНГ“ ОД СКОПЈЕ. ЗА ОВАА НАМЕНА ОПШТИНАТА ЌЕ ПОТРОШИ 547.000 ДЕНАРИ. ПАРИТЕ СЕ ОБЕЗБЕДЕНИ ОД БУЏЕТОТО НА ОПШТИНАТА ПРОГРАМА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА.

ВО НАРЕДНАТА ФАЗА ЌЕ СЛЕДИ ПРОШИРУВАЊЕ И ПРОБИВАЊЕ НА УЛИЦА СО ТАМПОНИРАЊЕ.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

## НОВО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО С.БРУШАНИ

НОВИ 30 ДРВЕНИ БАНДЕРИ, 5.000 МЕТРИ НИСКОНАПОНСКИ КАБЕЛ И 95 КОМПЛЕТИ АРМАТУРА-ВАНДЕРМА СО ВКЛУЧЕНА ЛЕД СВЕТИЛКА ОД 30 ВАТИ СЕ ВГРАДНИ ВО МРЕЖАТА НА ЈАВНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО АТАРОТ НА СЕЛОТО БРУШАНИ.
СОГЛАСНО ПРОЕКТОТ ОПШТИНАТА КАВАДАРЦИ НА ЛОКАЦИЈА ВО „БРУШАНСКИОТ ЗАЛИВ“ СПРОВЕДЕ НОВА ЛИНИЈА ВО ТУРИСТИЧКАТА НАСЕЛБА „БРУШАНИ“, КАКО И ПОДОБРУВАЊЕ НА ПОСТОЈНАТА МРЕЖА ОД ЈАВНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО СЕЛОТО БРУШАНИ.
СО ОВОЈ ПРОЕКТ ОПШТИНАТА ВЛОЖИ ЕДЕН МИЛИОН ДЕНАРИ ВО СЕРИОЗНО ПОДОБРУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА НА ЈАВНОТО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД БРЕГОТ НА ВЕШТАЧКОТО ЕЗЕРО „ТИКВЕШ“ КАДЕ ИМА ПОГОЛЕМА КОНЦЕНТРАЦИЈА НА ВИКЕНД КУЌИ.





## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВОДОВОДНА ЛИНИЈА ВО С.СОПОТ

ОПШТИНАТА КАВАДАРЦИ ПРОДОЛЖУВА СО РЕАЛИЗАЦИЈА НА КАПИТАЛНИОТ КОМУНАЛЕН ПРОЕКТ ВО СЕЛОТО СОПОТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СТАРАТА ВОДОВОДНА ЛИНИЈА.
АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА НА ФИРМАТА „ВОД-ВАР“ ИНЖЕНЕРИНГ ОД СКОПЈЕ РАБОТИ НА ПОСТАВУВАЊЕ НА КОМПЛЕТНО НОВА МРЕЖА ПО ГЛАВНИОТ ВОД НА УЛИЦАТА „ИЛИНДЕНСКА“ КАКО И НА КРАЦИТЕ ОД СИТЕ ОСТАНАТИ СЕЛСКИ УЛИЦИ.
ПАРАЛЕЛНО СЕ ПОСТАВУВА И АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА ЗА ЗАФАЌАЊЕ НА АТМОСФЕРСКАТА ВОДА ОД УЛИЦИТЕ: „ИЛИНДЕНСКА“, „КОЛЕ ВАСИЛЕВ“ И УЛ. „МАРШАЛ ТИТО“.
СТАНУВА ЗБОР ЗА ПРОЕКТ ВРЕДЕН 16.914.631 ДЕНАРИ, ПАРИ КОИ СЕ НАМЕНЕТИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ПОДЗЕМНАТА ИНФРАСТРУКТУРА ВО ОВАА ИНТЕНЗИВНА РУРАЛНА СРЕДИНА.
ОВОЈ ЗНАЧАЕН И СЕРИОЗЕН КОМУНАЛЕН ПРОЕКТ ОПШТИНАТА ГО РЕАЛИЗИРА НА БАРАЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ ОД СЕЛОТО СОПОТ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

**ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДУВАЊЕ КАЈ ЗГРАДИТЕ БЕЛКА**

СЕ ВРШИ ПОДГОТОВКА НА ТЕРЕНОТ ЗА ИЗГРАДБА НА НОВО ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ И ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДУВАЊЕ И УРБАНА ОПРЕМА КАЈ БЕЛКА ЗГРАДИТЕ.



**НОВО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ**



ОПШТИНАТА КАВАДАРЦИ Е ВО ФАЗА НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ЈАВНОТО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ.
ДЕНОВИВЕ ПРЕКУ ОПЕРАТИВАТА НА АНГАЖИРАНАТА ЕЛЕКТРО ФИРМА СЕ ПОСТАВУВААТ НОВИ НИСКОНАПОНСКИ ЛИНИИ ЗА 120 МЕТАЛНИ КАНДЕЛАБРИ.
КАНДЕЛАБРИТЕ ЌЕ БИДАТ РАСПОРЕДЕНИ НА 15 РАЗЛИЧНИ ЛОКАЦИИ ВО ГРАДОТ, КАКО НАДОПОЛНУВАЊЕ НА ПОСТОЈНОТО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ.
НА СТОЛБОВИТЕ КОЈ СЕ СО ВИСИНА ОД 4 МЕТРИ ЌЕ СЕ ПОСТАВАТ И ЕКОЛОШКИ ШТЕДЛИВИ ЛЕД СВЕТИЛКИ СО ЈАЧИНА ОД 40 ВАТИ. ВО СКЛОП НА ПРОЕКТО ОПШТИНАТА ЌЕ ВГРАДИ И НОВИ 3000 МЕТРИ НИСКОНАПОНСКИ КАБЕЛ ЗА НАПОЈУВАЊЕ НА НОВИТЕ КАНДЕЛАБРИ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

## РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЧНОТО КОРИТО НА РЕКАТА ЛУДА МАРА

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРЕКУ ДОНАЦИЈА, ВО СОРАБОТКА СО НЕКОЛКУ ОПШТЕСТВЕНО ОДГОВОРНИ ФИРМИ РЕАЛИЗИРА ПРОЕКТ ЗА РАСЧИСТУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД РЕГУЛИРАНОТО КОРИТО НА РЕКАТА ЛУДА МАРА КАЈ СПОМЕН ПАРКОТ „12 ВАТАШКИ МЛАДИНЦИ".
АНГАЖИРАНАТА ГРАДЕЖНА МЕХАНИЗАЦИЈА РАБОТИ НА РАСЧИСТУВАЊЕ НА КОРИТОТО ОД РЕЧЕН НАНОС И ДИВО ОБРАСНАТА ВЕГЕТАЦИЈА. СО ОВОЈ ПРОЕКТ СЕ ОПФАТЕНИ 900 МЕТРИ ОД РЕГУЛИРАНОТО КОРИТО НА РЕКАТА КАДЕ ИМА ПОСТОЈНА ШКАРПА КАКО И ПОВЕЌЕ КАСКАДИ ИЗГРАДЕНИ ВО ШЕЕСЕТТИТЕ ГОДИНИ ОД МИНАТИОТ ВЕК.
ОВОЈ ЗАФАТ ШТО ГО ПРЕВЗЕМА ОПШТИНАТА ИМА ЗА ЦЕЛ РАСЧИСТУВАЊЕ И РАЗУБАВУВАЊЕ НА ТОЈ ДЕЛ ОД СПОМЕН ПАРКОТ „12 ВАТАШКИ МЛАДИНЦИ", ВОЕДНО Е ПРОДОЛЖЕНИЕ НА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНАТА ОД МИНАТИТЕ ДВЕ ГОДИНИ, ВО ДЕЛОТ НА ЕКОЛОГИЈАТА И ХОРТИКУЛТУРНОТО УРЕДУВАЊЕ ВО ОВОЈ ДЕЛ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

**НОВО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ**



53 МИЛИОНИ ДЕНАРИ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ИНВЕСТИРА ВО КАПИТАЛНИОТ ПРОЕКТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ЈАВНОТО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ.
ДЕНОВИВЕ ПРЕКУ ОПЕРАТИВАТА НА АНГАЖИРАНАТА ФИРМА СЕ ПОСТАВУВА НОВА НИСКОНАПОНСКА ЛИНИЈА НА УЛ. „ПИОНЕРСКА“, КАДЕ СЕ ВРШИ ВКОПУВАЊЕ НА МРЕЖАТА ОД ЈАВНОТО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ.
ОВА Е САМО ЕДНА ОД ПРОЕКТИРАНИТЕ 17 ЛОКАЦИИ ВО ГРАДОТ КАДЕ ЌЕ СЕ ИНТЕРВЕНИРА ВО ПОДОБРУВАЊЕ НА НИСКОНАПОНСКАТА МРЕЖА И СИТЕ ОСТАНАТИ ЕЛЕМЕНТИ ОД УЛИЧНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ.
СПОРЕД ПРОЕКТОТ НА СИТЕ 17 ЛОКАЦИИ ОПШТИНАТА ЌЕ ПОСТАВИ ВКУПНО 420 МЕТАЛНИ СТОЛБОВИ СО ВИСИНА ОД 4 ДО 10 МЕТРИ, КАКО И ШТЕДЛИВИ ЛЕД СВЕТИЛКИ СО РАЗЛИЧНА ЈАЧИНА, МЕЃУ 60 И 80 ВАТИ ВО ЗАВИСНОСТ ОД ПОТРЕБИТЕ. ВО НОВАТА МРЕЖА ЌЕ СЕ
ВГРАДАТ 12 000 МЕТРИ НИСКОНАПОНСКИ КАБЕЛ КОЈ ЌЕ БИДЕ ВКОПАН ВО ЗЕМЈА. ОСВЕН ОВА ПРЕДВИДЕНА Е И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА 800 ПОСТОЕЧКИ СВЕТИЛКИ.
КРАЈНАТА ЦЕЛ НА ОПШТИНАТА, ПРЕКУ ОВОЈ КАПИТАЛЕН ПРОЕКТ Е ДА СЕ ФОРМИРА И ЦЕНТАР ЗА МОНИТОРИНГ И УПРАВУВАЊЕ СО ЈАВНОТО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ.
ВОЕДНО НА КАБЕЛСКИТЕ ОПЕРАТОРИ И НА ЕВН, ИМ ОВОЗМОЖУВА ВО РОВОВИТЕ ДА ПОСТАВАТ НИВНИ ИНСТАЛАЦИИ, СО ЦЕЛ ГРАДСКИТЕ УЛИЦИ ДА БИДАТ ОСЛОБОДЕНИ ОД ВОЗДУШНИТЕ ВОДОВИ И СТАРИТЕ ДРВЕНИ БАНДЕРИ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

## СТАРАТА СЕЛСКА ЧЕШМА ВО С.МАРЕНА

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ УСПЕШНО РЕАЛИЗИРАШЕ УШТЕ ЕДНО БАРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ. ДЕНЕС ЕКИПА НА ЈП „КОМУНАЛЕЦ“ ОД РЕ „ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА“ ГО СТАВИ ВО ФУНКЦИЈА ПРИКЛУЧОКОТ НА ВОДОВОДНАТА ЛИНИЈА ПРЕКУ КОЈ ПОСЛЕ ДОЛГО ВРЕМЕ ПРОТЕЧЕ ЧИСТА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ ОД СТАРАТА СЕЛСКА ЧЕШМА ВО МАРЕНА. ОПШТИНАТА СО ОВОЈ ПРОЕКТ ЈА „ОЖИВЕА“ ЧЕШМАТА КОЈА Е ИСТОРИСКИ ПАМЕТНИК ЗА ЧИЈА СТАРОСТ НЕМА ОФИЦИЈАЛНИ ПОДАТОЦИ, НО ПОСТАРИТЕ ЖИТЕЛИ ОД МАРЕНА ЈА ЗНААТ КАКО ЧЕШМА ОД ПАМТИВЕК. ЗА СТАРОСТА НА ЧЕШМАТА СВЕДОЧАТ И ДВЕТЕ АНТИЧКИ МЕРМЕРНИ СТЕЛИ ОД ЛОКАЦИЈАТА НА АНТИЧКАТА НАСЕЛБА „ГРАДИШТЕ“-ГЛИШИЧКИ РИД, ВГРАДЕНИ ВО АРХИТЕКТУРАТА НА ЧЕШМАТА.

ПРОЕКТОТ СЕ РЕАЛИЗИРАШЕ НА БАРАЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ ОД СЕЛОТО. ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД ОПШТИНАТА ЌЕ ИНВЕСТИРА И ВО НОВОТО ПАРТЕРНО И ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДУВАЊЕ НА ЧЕШМАТА.



## ВЕЛОСИПЕДСКО-ПЕШАЧКА ПАТЕКА ВО С.ВАТАША

ПРОДОЛЖУВА ИЗГРАДБАТА НА ВЕЛОСИПЕДСКО-ПЕШАЧКАТА ПАТЕКА ВАТАША-МОКЛИШКА ВОДЕНИЦА. ВО ОВАА ФАЗА ОД ИЗГРАДБАТА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРЕКУ АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА ПОСТАВУВАШЕ ДЕЛ ОД НИСКОНАПОНСКИОТ КАБЕЛ ЗА ЈАВНОТО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ. СПОРЕД ПРОЕКТОТ ДОЛЖ ПАТЕКАТА ЛОЦИРАНА НЕПОСРЕДНО ДО ДВАТА БРЕГА ОД РЕКАТА ЛУДА МАРА. ПАТЕКАТА ЌЕ БИДЕ ОСВЕТЛЕНА СО 200 ЛЕД СВЕТИЛКИ, СЕКОЈА СО ЈАЧИНА ОД 40 ВАТИ, ПОСТАВЕНИ НА 100 МЕТАЛНИ СТОЛБОВИ СО ДВОКРАКА ЛИРА НА ВИСИНА ОД 4 МЕТРИ.. РЕКРЕАТИВНАТА ПАТЕКА ЌЕ БИДЕ СО ШИРОЧИНА ОД 4 МЕТРИ ПОКРИЕНА СО БЕХАТОН КОЦКИ. ЌЕ СЕ ИЗГРАДАТ И 4 МЕТАЛНИ МОСТОВИ, А ДОЛЖ ТРАСАТА ЌЕ СЕ ПОСТАВАТ И КАМЕРИ ЗА ВИДЕО НАДЗОР.

СОГЛАСНО ПРОЕКТОТ ЌЕ СЕ ИЗГРАДАТ И 5 ПОПАТНИ СТАНИЦИ-ОДМОРАЛИШТА НА ЛОКАЦИИ КОИ ЌЕ БИДАТ УРБАНИЗИРАНИ И ОПЛЕМЕНЕТИ СО УРБАНА ОПРЕМА, КАКО И ТАБЛИ ЗА ПИНГ-ПОНГ, ФИТНЕС СПРАВИ И МЕТАЛНИ КОНСТРУКЦИИ ЗА ПАРКИРАЊЕ НА ВЕЛОСИПЕДИ.
ИНВЕСТИТОРИ НА ОВОЈ КАПИТАЛЕ ПРОЕКТ СЕ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И БИРОТО ЗА РАЗВОЈ НА ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН. ВКУПНАТА ИНВЕСТИЦИЈА ИЗНЕСУВА 34 МИЛИОНИ ДЕНАРИ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

## НОВ ПАРКИНГ ПРОСТОР

НАБРГУ ЈАВНИОТ ПАРКИНГ ВО ГРАДОТ ЌЕ ДОБИЕ НОВИ ЧЕТИРИЕСЕТТИНА ПАРКИНГ МЕСТА. ДЕНЕСКА ОПЕРАТИВАТА НА АНГАЖИРАНАТА ФИРМА „ГРАДБА ПРОМЕТ" ОД КАВАДАРЦИ РАБОТЕШЕ НА ШАЛУВАЊЕ НА ОДВОДНАТА РЕШЕТКА ЗА ЗАФАЌАЊЕ НА АТМОСФЕРСКАТА И ПОВРШИНСКАТА ВОДА ОД ИДНИОТ ПАРКИНГ НА ПРОСТОРОТ ОД НЕКОГАШНИОТ „АН" КАЈ ПАРКОТ „ПОЛАНА".

СПОРЕД ПРОЕКТОТ НА ПОВРШИНА ОД 1.100 КВАДРАТНИ МЕТРИ СЕ ГРАДИ ПЛАТО ЗА ПАРКИНГ НА АВТОМОБИЛИ КАДЕ ЌЕ СЕ ПОСТАВАТ БЕХАТОН ПЛОЧКИ. ДОСЕГА ОПШТИНАТА ПРЕКУ АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА СПРОВЕДЕ РАСЧИСТУВАЊЕ НА ТЕРЕНОТ СО ПРОШИРУВАЊЕ НА ВЛЕЗОТ ОД УЛИЦАТА „ЛАЗО МИЦЕВ",ПОРАМНУВАЊЕ И ТАМПОНИРАЊЕ.

ПАРКИНГОТ ВО НОЌНИТЕ ЧАСОВИ ЌЕ БИДЕ ОСВЕТЛЕН СО ЈАВНО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ЗА ШТО Е ПОСТАВЕНА НИСКОНАПОНСКА МРЕЖА ЗА ДЕСЕТ МЕТАЛНИ КАНДЕЛАБРИ СО ВИСИНА ОД 4 МЕТРИ ЗА ЛЕД СВЕТИЛКИ СЕКОЈА СО ЈАЧИНА ОД 40 ВАТИ.

НОВИОТ ПАРКИНГ ПРОСТОР ЌЕ ГО НАМАЛИ НЕДОСТИГОТ ОД ПАРКИНГ МЕСТА ОСОБЕНО ВО ПАЗАРНИТЕ ДЕНОВИ.







## НОВА ВОДОВОДНА ЛИНИЈА ВО С.ДАБНИШТЕ

ЈП КОМУНАЛЕЦ Е ВО ЗАВРШНА ФАЗА СО РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА ВОДОВОДНАТА ЛИНИЈА ВО С.ДАБНИШТЕ. ОВОЈ ДОЛГОГОДИШЕН ПРОБЛЕМ КОНЕЧНО ЌЕ СЕ РЕШИ. ВО ОВАА ФАЗА СЕ ВРШИ ПОСТАВУВАЊЕ НА ВОДОМЕРИ.

СЕ ИЗВЕСТУВААТ И СИТЕ СОПСТВЕНИЦИ НА ВИКЕНДИЦИ ВО С.ДАБНИШТЕ ДА СЕ ИНФОРМИРААТ ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ЈП КОМУНАЛЕЦ ЗА НАЧИНОТ НА ПРИКЛУЧУВАЊЕ И ПОСТАВУВАЊЕ НА ВОДОМЕРИ.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

## ДОНАЦИЈА ОД РОТАРИ КЛУБ

Ротари клуб Кавадарци, во соработка со кризниот штаб на Општина Кавадарци, во однос на превенцијата и заштитата од ширење на болеста Ковид 19 , помогнаа во спроведување на дел од акциите. Ротари клуб Кавадарци донираа 7 сунѓери за дезинфекција, 20 кабаници, 15 респираторни маски ,500 медицински маски и 500 медицински ракавици.
Во соработка со Банка за храна Кавадарци се со цел соодветно чување на храната, Ротари клуб Кавадарци донираше замрзнувач и прехранбени пакети за најзагрозените семејства.




**ГОЛЕМА БЛАГОДАРНОСТ ДО ТППЕ КАВАДАРЦИ ЗА ВНИМАНИЕТО ПО ПОВОД ДЕНОТ НА ПОЖАРНИКАРИТЕ. ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ВО ИДНИНА ЌЕ ПРОДОЛЖИ ДА ДАВА ПОДДРШКА И ДА ЈА УСОВРШУВА ПРОТИВПОЖАРНАТА ЕДИНИЦА.**





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

## ЗАШТИТА И ПРЕВЕНЦИЈА ОД КОВИД 19

Согласно ситуацијата во која се наоѓа нашата земја а и целиот свет, Општина Кавадарци континуирано ги превзема сите потребни мерки. Борбата со болеста Ковид 19 е тешка за сите, но за среќа во нашата општина бројот на заболени е значително мал.
Општинскиот кризен штаб редовно одржува состаноци и донесува заклучоци кои се реализираат на терен.
Во изминатиот период, континуирано, секој ден се превземаа активности со цел спречување на ширење на болеста Ковид 19.
Во централното градско подрачје поставени се пунктови за дезинфекција на раце, на оние места каде што има најголема фрекфенција на луѓе. Во овие активности учествуваат вработени од образованието.
На сите влезови во градот поставени се пунктови за дезинфекција на сите автомобили кои влегуваат во градот. Овие пунктови функционираат на сензор а вработени од ЈП Комуналец вршат контрола на системот.
Два пати неделно се врши аеродезинфекција на целата територија на Општина Кавадарци. Оваа акција се реализиран со возила на ЈП Комуналец, ТППЕ Кавадарцуи и Македонски шуми.
Два пати неделно се врши дезинфекција на сите јавни објекти и станбени згради. Во оваа акција учествуваат вработени од Локалната самоуправа, образованието и културните институции.
Службите на ЈП Комуналец редовно вршеа дезинфекција на сите контејнери и се организираа за време на долгата забрана за движење, со поставување на дополнителни контејнери.
Службите на ЈП Паркинг вршеа редовна дезинфикација на сите банкомати и слични апарати.
Откако зелен пазар почна повторно да функционира, на сите влезови во пазарот беа поставени пултови за дезинфекција и се делеа заштитни маски.
Со спроведувањето на сите овие мерки, кои беа спроведувани секојдневно , територијата на Општина Кавадарци беше заштитена од ширење на болеста Ковид 19. Акциите се уште се спроведуваат, се додека траат препораките и мерките кои треба да ги почитуваат сите граѓани.







# ЈАВЕН ПОВИК

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр.05/2002) и член 114 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл. Гласник на Општина Кавадарци" бр.08/05, 14/10, 24/10 и 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**

**За ангажирање на архитекти во Советодавното тело – Комисија на Општина Кавадарци за придонес во утврдувањето на идниот урбанистички развој на територијата на Општина Кавадарци**

Се повикуваат сите заинтересирани дипломирани архитекти да земат учество во Советодавното тело – Комисија на Општина Кавадарци Локална Самоуправа, за придонес во утврдувањето на идниот урбанистички развој на територијата на Општина Кавадарци, за наредниот 10-годишен период "Кавадарци 2030година".

Целта на јавниот повик е да се поттикнат истакнати архитекти да учествуваат во идното урбанистичко планирање на Градот Кавадарци во наредните 10 години.

Се очекува заинтересираните архитекти, со нивните искуства, знаења и идеи да придонесат заеднички да се утврди идниот економски, социјален, културен и спортски развој во насока на подигање на животниот стандард на повисоко ниво на сите граѓани во Општина Кавадарци.

Со Советодавното тело – Комисија ќе раководи Градоначалникот на Општина Кавадарци.

Учеството на архитектите во Советодавното тело ќе биде на доброволна основа без надоместок.

Советодавното тело ке се состанува најмалку 2 (два) пати месечно, а по потреба и повеќе пати во месецот.

Заинтерсираните лица потребно е да достават Пријава на следната адреса: Општина Кавадрци, ул. Плоштед Маршал Тито 66 со назнака "За ангажирање на архитекти во Советодавното тело – Комисија на Општина Кавадарци за придонес во утврдувањето на идниот урбанистички развој на територијата на Општина Кавадарци" или дирекно во архива на Општина Кавадрци соба бр.20.

Рокот за пријавување е до 15.06.2020 година.

По завршувањето на рокот за пријавување по јавниот повик, пријавените кандидати ќе бидат повикани.

Општинско јавно гласило
**КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Сузана Шалева
**Печати:** печатница ГРАФО ПРОМ Битола
**Насловна фотографија:** Тони Јошески
Тираж 500 броја
**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија

**kavadarci.gov.mk**